
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 02/26



19.03.2026 година

До
Наставно - научен совет
Факултет за арт и дизајн
Европски универзитет
Скопје

Р Е Ф Е Р А Т
за
Избор / реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01- Фраскатиева класификација)

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, **на 271-та седница** на ННС одржана на ден **20.02.2026 година**, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер„ од **07.11.2025** година, со **Одлука бр. 02-226/1** се формира Рецензентска комисија за **Избор / реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01- Фраскатиева класификација) – 1 /еден/ извршител;** во состав: Редовен професор м-р Наташа Милованчева, претседател, редовен професор д-р Слободан Милошески, член, и редовен професор м-р Лазе Трипков, член.

На распишаниот конкурс за **Избор/реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01- Фраскатиева класификација)** се пријави кандидатот Проф. м-р Благојче Наумоски. Кандидатот, согласно распишаниот конкурс и законот за високо образование, достави Пријава, Биографија со соодветни податоци, дипломи за завршено високо образование и магистерски студии,Уверение за државјанство, Извештај за избор во Вонреден професор на факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ од 2021 год., прилози и листа на уметнички и стручни дела (визуелно портфолио со проекти/дела од областа на ликовната уметност и дизајн) визуелни примероци од реализирани дела, каталози од самостојни и групни ликовни изложби, каталози од учество во проекти од областа на применетата уметност и дизајн, сертификати, награди, неколку научни трудови од областа на уметноста и дизајнот објавени во меѓународни списанија.

По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, го поднесува следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

М-р Благојче Наумоски е роден на 02.04.1985 година во Кичево. Дипломира во 2007 година на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот "СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" Скопје, педагошки отсек насока сликарство во класата на проф. Рубин Корубин. Во 2009 година станува магистер од областа сликарство кај проф. Јован Шумковски. Од 2007 година е член на Друштвото на Ликовни Уметници на Македонија (ДЛУМ). Во 2009 година станува член на групата Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т и активно учествува во сите нејзини проекти. Од 2015 година е член на колективот АД АКТА. Од 2012 година работи како асистент на Факултетот за Арт и Дизајн при Европскиот Универзитет на Република Македонија. Во 2016 година станува доцент на истиот факултет. Од 2020 година ја извршува функцијата продекан на ФАД. Моментално е вонреден професор и декан на Факултетот за арт и дизајн. Има излагано во Берлин (Германија), Њујорк (САД), Љубљана (Словенија), Париз (Франција), Хаифа (Израел), Прага (Чешка), Софија (Бугарија), Приштина (Косово), Виена (Австрија), Отава (Канада) и.т.н. Исто така има учевствувано на повеќе ликовни колонии. Во изминатиов период има реализирано дваесет и три самостојни и повеќе групни изложби.

Образование

2009 - Магистрирал на Факултет за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'', Република Македонија, на тема: „Визуелноста на просторноста на квантумот''; Скопје, Република Македонија, каде што се стекнал со научно уметнички степен Магистер по ликовни уметности, област сликарство.

2007 - Дипломирал на Факултет за ликовни уметности, педагошки насока - сликарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'', Република Македонија

Соработнички звања:

Во 2012 год. избран во стручно соработничко звање – Помлад асистент по предметот „Цртање, Сликање, Европски Универзитет Република Македонија, Факултет за арт и дизајн.

Работно искуство

2012/2016 – помлад асистент на Факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет-Република Македонија на предметите во прв циклус на студии: „Цртање, Техники на цртање, Сликање, Техники на сликање, Моделирање, Основи на графички дизајн, Графичка илустрација, Дизајн на плакат, Фотографија, Мултимедија, Илуминација на ентериер, Традиција и дизајн, Дизајн на ентериер".

2016 – Доцент на Факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет-Република Македонија на предметите во прв циклус: Моделирање, Традиција и дизајн, Современ дизајн, Сценографија, Основи на типографија, Основи на графички дизајн, Графички дизајн 2 и втор циклус на студии: Сценографија.

2020 – Продекан за настава на Факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет-Република Македонија.

2021 – Вонреден професор на Факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет-Република Македонија на предметите во прв циклус: Моделирање, Традиција и дизајн, Современ дизајн, Индустриски дизајн 2, Дизајн проект, Сценографија, Компјутерско дизајнирање, Графички дизајн 2 и втор циклус на студии: Графички дизајн Б.

2022 - Член на универзитетски сенат при Европски Универзитет-Република Македонија.

2025 – Декан на Факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет, Скопје.

2025 - Претседател на Организациски одбор на 15-тата Меѓународна научна конференција на Европски универзитет-Скопје „Новата дигитална револуција во науката и уметноста“, септември.

Компјутерски програми
Одлично познавање на: Microsoft Office, Microsoft Word, Microsoft PowerPoint, Adobe Photoshop, Adobe Illustrator.

Познавање на јазици
Македонски
Англиски
Српски

Самостојни изложби

2025 година – ''Geometry of Matter'', Gallery MC, New York.

2025 година - „Урбани Трансформации'', Културно информативен центар (КИЦ) Скопје, Македонија.

2024 година - „Урбани Трансформации'', Културно информативен центар на Р.С. Македонија во Софија, Р. Бугарија

2024 година - „ЕНЕРГИЈА НА СВЕТЛИНАТА'' од циклусот „Урбани Трансформации'', НУ Музеј Куманово

2023 година - „ПУКНАТИНИ / ТРАНСФОРМАЦИИ'' Македонски културно – информативен центар, Истанбул - Турција

2022 година - „ПУКНАТИНИ / ТРАНСФОРМАЦИИ'' Младински Културен Центар (МКЦ) – Скопје

2017 година - „Мајки, Божици и Кралици'' Културно Информативен Центар во Софија - Р. Бугарија

2017 година - „Света Геометрија на Артефактите'' Центар за култура ''Кочо Рацин'', Кичево

2016 година - „Positive – Negative – Transformations" – Галерија ФЛУКС, Скопје

2015 година - „АКТЕРИЈА'' изложба на Јовица Мијалковиќ, Благојче Наумоски – Бане и Маја Димовска - Ј.У Дом на култура Кочо Рацин – Галерија КО – РА – Скопје

2015 година - „ IN – OUT – ILLUMINATION'' - НУ Дом на култура „Марко Цепенков'' - Прилеп

2014 година - „ IN – OUT – ILLUMINATION'' Галерија ОСТЕН - Скопје

2013 година – "Скици за осврт во неколку концепти", Gallery MC, Њујорк, САД

2012 година – Премиера на краткометражен филм "БАРАЈЌИ ГО ЧОВЕКОТ" (НУ Центар за култура Кочо Рацин) – Кичево

2012 година - " IN – OUT – ENERGY – IN – OUT – ILLUMINATION" (Конотека на Македонија) – Скопје

2011 година – Годишна награда за млад ликовен уметник ДЕНЕС 2011 (Музеј на град Скопје) – Скопје

2011 година – Промоција - Изложба на ликовна книга – објект "Скици за осврт во неколку концепти", Мултимедијален центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2010 година -"IN – OUT – ENERGY VIA IN – OUT – IDENTITY"- Прима Центар Берлин (ПЦБ) – Берлин

2010 година – "Визуелноста на просторноста на квантумот", Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. – Скопје

2009 година – Магистерска изложба "Енергија во елементи - Простор во простор-Визуелноста на просторноста на квантумот" Музеј на современа уметност (МСУ)-Скопје

2009 година – "Поглед низ пресеци" –Младински Културен Центар (МКЦ) – Скопје

2008 година – "Допир " – Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

2007 година – "Магија на допирот" – Дом на култура "АСНОМ" – Гостивар

2007 година – "Магија на допирот"– Центар за култура "Кочо Рацин" – Кичево

Групни изложби

2025 година – Промоција на стрип магазин „Тешка Машинерија'', Цреша бар, Скопје

2025 година - „Професори и Студенти'', Младински Културен Центар (МКЦ) – Скопје

2025 година - „Боите на Св. Трифун низ сликите на ликовните уметници од Македонија'', Музеј – Галерија Кавадарци

2024 година - Промоција на стрип „СТРИП АРТ'', Музеј на Македонија, Скопје

2024 година - „Професори и Студенти'', Младински Културен Центар (МКЦ) – Скопје

2023 година - „Просторни Реадаптации 2.0'' Скопска плажа - Скопје

2023 година - „Професори и Студенти'', Младински Културен Центар (МКЦ) – Скопје

2021 година - „VORTEX'', Галерија КО - РА - Скопје

2021 година - „75 ГОДИНИ ДЛУМ'', Национална Галерија на Македонија – Мала Станица – Скопје

2020 година - „Душата мисли во слики'', Галерија „КО-РА'', ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин'' - Скопје

2020 година - „75 ГОДИНИ ОСТЕН'', Национална Галерија на Македонија – Чифте Амам – Скопје

2018 година - „За помош во Грција'', донација на уметнички дела на 25 македонски автори

2018 година – Мал Формат ДЛУМ - Скопје

2017 година - „Корени, Порти, Портали, Патишта и Патокази'' Галерија на МКД „Македонија“ – Сплит (Хрватска)

2016 година- „ПАТУВАЊА'' Мултимедијален Центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2016 година - „GOGYOSHI ART PROJECT INTERNATIONAL'', Н.У. Музеј - Куманово

2016 година – „Годишна изложба на ДЛУМ'' Мултимедијален Центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2016 година - „ФЕМИНА 2'' - Културно Информативен Центар (КИЦ) - Скопје

2016 година – „КОЛЕКТИВ 20.04.2016'' Културно Информативен Центар (КИЦ) – Скопје

2016 год - „ Остенови уметници на годината'' Изложбен салон на МАНУ - Скопје

2015 година – „Годишна изложба на ДЛУМ'' Мултимедијален Центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2015 година „МиниАРТура'' – ДЛУМ, Тутунска Банка – Скопје

2015 година - PARATISSIMA 2 – Интернационален саем за уметност (Македонски Културен Центар МКЦ) – Скопје

2015 година – „ДЛУМ Графика'' Ј.У Дом на култура Кочо Рацин – Галерија КО – РА – Скопје

2015 година – ''ТАНГО ОБЛИВИОН'' Ј.У Дом на култура Кочо Рацин – Галерија КО – РА – Скопје

2014 година - “ОСТЕН БИЕНАЛЕ НА ЦРТЕЖ” , Галерија ОСТЕН - Скопје

2014 година - “Експериментален Цртеж”, ДЛУМ - Палата Луцерна – Прага

2014 година - PARATISSIMA (Македонски Културен Центар МКЦ) – Скопје

2014 година - ЗИМСКИ САЛОН НА ДЛУМ, ''ТЕЛОТО ШТО ПАМТИ'' Мултимедијален Центар Мала Станица (НГМ) - Скопје

2013 година - ОСТЕН “СВЕТСКА ГАЛЕРИЈА НА ЦРТЕЖ – НАГРАДЕНИ УМЕТНИЦИ'', Во соработка со Галеријата на ликовните критичари – Палата Адриа, Прага

2013 година – " Back An Exit, From One Place to Another", Gallery MC – New York

2013 година – ''ОСТЕН – УМЕТНИК НА ГОДИНАТА'' – Скопје

2012 година – "Светска галерија на цртеж - ОСТЕН биенале на цртеж" – Скопје

2012 година – "TALK ART" со Музеј на современа уметност, Галерија Е.Г.П. – Парис

2012 година – 14ти Зимски салон на ДЛУМ "СЕКСПРЕСИЈА" – Музеј на современа уметност – Скопје

2012 година – Годишна изложба на ДЛУМ – Музеј на град Скопје

2012 година – Македонско ликовно творештво "МАЛ ФОРМАТ" – ДЛУМ и Културно Информативен Центар (КИЦ) – Скопје

2012 година – Арт рута 2 "ПАРАЗИТИ", Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. (Интервенции во простор низ Скопје) – Скопје

2011 година – "ДЛУМ Цртеж" – Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

- 2011 година – Арт рута 1 "ПАРАЗИТИ", Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. (Интервенции во простор низ Скопје) – Скопје

2011 година – "ОДБИЕНАЛЕ" (Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.) - Скопје

2011 година – Мултимедијален Арт Фестивал БОШ 2011 – Гевгелија

2011 година - "Македонски Уметници во Израел, Колектив Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т." Хаифа – Израел

2010 година – "TACTICA INSTITUTIONALIS", групна изложба на Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. - Мултимедијален центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2010 година – "КУПУС ПАРТИ 2" Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. – Скопје

2010 година – "KUNSTDORAN" (Прима Центар Берлин) – Берлин

2010 година – Групна изложба на Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. "ЛОАДИНГ..." – Скопје

2010 година – "100 Отварања во Прима Центар Берлин" (SüdOst Europa Cultural Center) – Берлин

2010 година – "IN – OUT – ENERGY", Микро - СКОПСКИ НАРАТИВИ (Скопски урбани приказни, ДЛУМ, Скопско Лето, куратор Горанчо Ѓорѓиевски) – Скопје

2010 – година – „Вајстина Уметност''(Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т) – Скопје

2010 – година – Зимски салон на ДЛУМ – Доктор Локал - Мистер Глобал – Музеј на современа уметност (МСУ) – Скопје

2010 година- Уметци Уметнати од Уметници кои знаат да Уметникуваат – Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т – Скопје

2010 година – Перформанс на Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. "Четири состојки за совршен уметник: THE JOKER, MICHAEL JORDAN, LIAM HOWLETT, KRISTINA" (Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т, Геолошки Институт) – Скопје

2010 година – "BLACK - WHITE – GLOBALIZATION" (Наумоски Благојче – Бане и Маја Кировска) - Галерија PRESS TO EXIT, Швајцарска амбасада – Скопје

2009 година - "Купус Парти"- Групна изложба на Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т – Скопје

2009 година – Македонско ликовно творештво "МИНИЈАТУРА" – Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

2009 година – "Студенти постдипломци – Сликарство – Вајарство – Графика" – Мултимедијален центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2009 година – "Климатски промени – Културни промени" - Светска Банка и Швајцарска Амбасада – Галерија PRESS TO EXIT (Швајцарска Амбасада) – Скопје

2009 година – XIV Биенале на млади уметници од Европа и Медитеранот "7 Порти" – Скопје

2009 година – "Македонски уметници во Софија", (ДЛУМ) – Бугарија

2009 година – "Хуманитарна изложба" – Фоаје на Кино Фросина (МКЦ) – Скопје

2009 година – "ДЛУМ Цртеж и Графика" – Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

2009 година – "ИДЕНТИТЕТ "– Косовска Уметничка Галерија (Приштина) – Косово

2009 година – "8 Биенале на млади уметници тема : ИДЕНТИТЕТ", Музеј на современа уметност (МСУ) – Скопје

- 2009 година – Македонско ликовно творештво "МАЛ ФОРМАТ" – ДЛУМ и Културно Информативен Центар (КИЦ) – Скопје

2008 година – "Хуманитарна изложба" – Мултимедијален центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2008 година – "ДЛУМ ПЕЈЗАЖ" – Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

2008 година – "ДЛУМ ГРАФИКА" - Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

2008 година – "Нови членови на ДЛУМ 2006 – 2007 – 2008", Галерија на ДЛУМ (Дом на АРМ) – Скопје

2008 година – "107 Македонски уметници во Парис" – CITE INTERNACIONALE DES ARTS, PARIS 2008 DLUM – Парис

2008 година – "Уметнички Дијалози 2" - Мултимедијален центар Мала Станица (НГМ) – Скопје

2008 година – "Биенале на мала графика" – Тетово

2008 година – "Папрадишки мајстори" – Изложба од третата сликарско – копаничарска колонија – (Музеј на Град Скопје)- Скопје

2008 година – "Уметнички креации под Бистра" – Центар за култура Кочо Рацин – Кичево

2008 година – "Мал Формат" – Македонско ликовно творештво – ДЛУМ и Културно Информативен Центар (КИЦ) – Скопје

2007 година - "Папрадишки мајстори" – Изложба од третата сликарско – копаничарска колонија – Уметнички Салон – Велес

2007 година - Зимски салон на ДЛУМ (Музеј на град Скопје) – Скопје

2007 година – Студентско биенале на графика (Нови Пазар) – Србија

Проекти од применета уметност и дизајн

2023/2024 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2022/2023 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2021/2022 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2019/2020 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2018/2019 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2016/2017 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2015/2016 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2014/2015 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2013/2014 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн
2012/2013 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн.
2013/2014 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн.
2014/2015 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн.
2015/2016 година - учество во организацијата на Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн.

2019 година – Фестивал на урбана култура „МУРАЛ'', Кинотека на Република Македонија

2019 година – Сликање на мурали во МЛАДИ ХАБ, Канцеларија на претседателот на Република Македонија

2017 година – „ПРИРОДАТА НЕ ПОВИКУВА'' улична 3Д слика во рамки на фестивалот Скопје Креатива – Градски парк, Скопје

2016 година – „Дизајн Пракса'' во склоп на „ЕРАЗМУС ПЛУС'' програмата

2015 година - „Артерија - Антерија'' изложба на професорите и асистентите од Факултетот за арт и дизајн ЕУРМ, Моден викенд – Скопје

Членства
2007 година – Друштво на ликовни уметници на Македонија ДЛУМ

2009/2012 година – Колектив Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т

2015 година – Колектив Ад Акта

Неформално образование
2020 година - Ментор по предметите цртање и сликање во школата за уметност и дизајн „Цолев и уметностите''

Резиденциски престој
Резиденциски престој во Прима Центар Берлин (ПЦБ) – Берлин

Награди
Прва награда за најдобар млад ликовен уметник (Светска галерија на цртеж ОСТЕН) – Скопје, Република Македонија

Остенов уметник за 2014 година (Светска галерија на цртеж ОСТЕН) – Скопје, Република Македонија.

Наставно-научна дејност
- Кандидатот е избран во Вонреден професор на факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ во 2021 година. Напишал четири книги (авторизирани предавања) по предметите: „Моделирање“, „Сценографија,“ „Современ дизајн“, „Традиција и дизајн“.

Научни трудови
„Цртежот како автореферентен израз создаден во современ концептуален формат'' (Петта Меѓународна Конференција, ЕУРМ - 2015 година) Асс. м-р Благојче Наумоски и Асс. м-р Александра Јовановска.

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/06/EURM_Konf_2015_Zbornik.pdf

„Ликовната уметност и квантната физика – инспирација за современ автореферентен израз'' (Петта Меѓународна Конференција, ЕУРМ - 2015 година)

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/06/EURM_Konf_2015_Zbornik.pdf

„Концептот на имагинарното, тенденциите кон виртуелното, предизвиците и преобразбите на современиот израз на денешниот уметник'' (Шеста Меѓународна Конференција, ЕУРМ – 2016 година)

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/06/Zbornik-Trudovi-2016.pdf

„Reuse of architectural space with artistic components contributing to circular economics'' Доц. м-р Благојче Наумоски, Проф. Д-р Петар Намичев и м-р Екатерина Намичева, Седма Меѓународна конференција ЕУРМ 2017

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/12/IDEA-Final.pdf

„Digital meets art'' (5th International Conference on Digital Culture and Society) South – West University ''Neofit Rilski'' Blagoevgrad, Bulgaria, 2017 год.

„How artificial intelligence changes the human experience in art'' Доц. м-р Благојче Наумоски, Осма меѓународна научна конференција, Европски универзитет – Република Македонија на тема: "ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА - ПРЕДИЗВИК НА ДИГИТАЛНАТА ЕРА" 2018 год.

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/12/IJSA-IDEA-Vol.2-No.4.pdf

„Сликарството и жената – Еротиката и уметноста'' Доц. м-р Благојче Наумоски, Монографија „Жената во современото општество'', Европски универзитет – Република Македонија 2018 год.

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2020/09/%D0%96%D0%95%D0%9D%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%92%D0%9E-%D0%A1%D0%9E%D0%92%D0%A0%D0%95%D0%9C%D0%95%D0%9D%D0%9E%D0%A2%D0%9E-%D0%9E%D0%9F%D0%A8%D0%A2%D0%95%D0%A1%D0%A2%D0%92%D0%9E.pdf

„Квантната физика – предизвик за современ ликовен израз'' Доц. м-р Благојче Наумоски, Меѓународно списание за наука и уметност ИДЕЈА, Европски универзитет – Република Македонија 2019 год.

https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/12/IJSA-IDEA-Vol-3-No-5.pdf

Авторизирани предавања

„Скици за осврт во неколку концепти'' Национална Галерија на Македонија – Скопје, 2011

„Сликање'', Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2013

„Сликање 2", Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2013

„Техники на сликање''Проф. м-р Јана Манева – Чупоска и Асс. м-р Благојче Наумоски, Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2015

„Традиција и дизајн''Доц. м-р Јовица Мијалковиќ и Асс. м-р Благојче Наумоски, Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2015

„Моделирање" Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2016

„Современ дизајн''Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2017

„Сценографија''Авторизирани предавања, Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет на Република Македонија – Скопје, 2017

КОНСТАТАЦИЈА

По разгледување на доставената документација од страна на кандидатот, Рецензионата комисија констатира дека:

- Кандидатот има високо образование од втор степен (Диплома за магистер од областа сликарство, Факултет за ликовни уметности, УКИМ - Република Македонија, (бр. 82 од 30.03.2011).

- Кандидатот е избран во Вонреден професор на факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ во 2021 година, каде се стекнува со големо педагошко искуство и работа со студенти. Изработил авторизирани предавања по предметите кои му се доделени на факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ тоа се: „Моделирање", „Сценографија," „Современ дизајн", „Традиција и дизајн".

- Кандидатот во 2019 и 2022 год. беше член на Сенат на ЕУРМ како претставник од факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ.

- Кандидатот во 2020 година е избран за Продекан на факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет – Република Македонија.

- Кандидатот во 2025 година е избран за Декан на Факултетот за арт и дизајн при Европски Универзитет – Република Македонија.

- Кандидатот учествувал на неколку меѓународни конференции, каде што објавил неколку стручни трудови од областа на ликовната уметност и дизајн.

- Кандидатот има приложена евиденција за значителен број на авторски дела/ликовни изложби од областа на ликовната уметност и дизајн, кои се реализирани и изложувани пред домашната и меѓународната ликовна јавност. Ваквиот професионален пристап го оправдува професионалниот интегритет на кандидатот во областа на ликовната уметност и дизајн.

- Кандидатот има добиено две значајни награди: Прва награда за најдобар млад ликовен уметник (Светска галерија на цртеж ОСТЕН) – Скопје, Република Македонија, и Остенов уметник за 2014 година (Светска галерија на цртеж ОСТЕН) – Скопје, Република Македонија.

- Кандидатот има значајно професионално искуство од областа на ликовната уметност и дизајн; познавање на соодветните компјутерски програми, способност и мотивација за наставна работа, петгодишно искуство како Вонреден професор на факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет, што заедно оформуваат соодветни критериуми за **Избор/реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01-Фраскатиева класификација) согласно член 114 став 4 точка 7, член 167 и член 172 од Законот за високо образование.**
Стручно-уметничките предмети се утврдени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ-Скопје

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за Избор / реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „Ликовна/визуелна уметност''(6.04.00.01-Фраскатиева класификација) се пријави кандидатот м-р Благојче Наумоски.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ја неговата стручно-уметничка, стручно–апликативна и наставно-образовна дејност, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Благојче Наумоски ги исполнува критериумите за Избор / реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01- Фраскатиева класификација), согласно член 164, член 167, член 172 и 175 став 1 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.82/18).

Согласно напред наведеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет Скопје, да го избере **кандидатот м-р Благојче Наумоски** во наставно-научно звање **Редовен професор по група стручно - уметнички предмети** од областа **„Ликовна/визуелна уметност''** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, согласно член 164, член 167, член 172 и 175 став 1 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.82/18).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р – Наташа Милованчева - Претседател
(Редовен професор на Архитектонскиот факултет, УКИМ)

Проф. д-р Слободан Милошески – Член
(Редовен професор на Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев'' – Штип)

Проф. м-р Лазе Трипков –Член
(Редовен професор на Факултетот за арт и дизајн, Меѓународен балкански универзитет - Скопје)

Скопје, март 2026 година